## "ПАНКО БРАШНАРОВ-ЖИВОТ И ДЕЛО (1883-1951)"
## Институт за национална историја-Скопје и Друштво за наука и уметност-Титов Велес, Титов Велес, 1991, 156.

Зборникот на трудови "Панко Брашнаров - живот и дело (1883-1951)" ги содржи материјалите поднесени на научниот собир одржан во декември 1991 година во Титов Велес во организација на Институтот за национална историја од Скопје и Друштвото за наука и уметност од Титов Велес. Преку материјалите објавени во Зборникот (16 научни прилози, соопштенија и сеќавања), за првпат се прави обид, врз основа на достапната документација и литература да се осветли и да се "приближи до научната и општествената јавност" недоволно афирмираната револуционерна дејност на Панко Брашнаров.

На животниот пат на овој македонски револуционер се осврнува Перо Коробар во "Низ петдецениската револуционерна дејност на Панко Брашнаров" (15-30). Посебно внимание авторот посветува на настаните кои дале белег на целиот негов живот-учителствувањето во Кумановско, Велешко и Штипско, учеството во работата на Социјалистичката организација и Комунистичката партија во Велес, неговата дејност во ВМРО (Обединета), ангажирањето во работата на АСНОМ и трагичниот животен крај на злогласниот Голи Оток.

Д-р Иван Катарџиев во текстот "Скица за биографијата на Панко Брашнаров" (31-40) става акцент на неговата цврста идејна и животна филозофија како приврзаник на социјалистичкото и комунистичкото движење. Според авторот, трансформацијата на Брашнаров од национален револуционер во социјалист и комунист, која се случила во периодот помеѓу 1919 и 1929 година, не значела негово оддалечување од македонското националноослободително движење.

Во "Социолошко-политиколошки есеј за личноста и делото на Панко Брашнаров" (41-46) д-р Стеван Габер ги анализира историските, социолошките, политиколошките, државно-правните и етичко-психолошките аспекти кои се испреплетуваат во личноста на Брашнаров. Еволуирањето на односот на ВМРО (Обединета) по прашањето за националната индивидуалност на македонскиот народ е разработено од акад. Данчо Зографски ("ВМРО (Обединета) и афирмацијата на македонската национална индивидуалност", 47-50).

Неговата активност во ширењето и јакнеењето на работничкото и комунистичкото движење во родниот град е разгледана од д-р Петар

Стојанов во "Работничкото и комунистичкото движење во Велес и Панко Брашнар од 1919 до 1924 година" (51-59).

Трите димензии на неговото револуционерно дело се претставени од д-р Орде Иваноски во трудот "Националното-класното и интернационалното во револуционерното дело на Панко Брашнар" (61-70). Авторот истакнува дека и покрај тоа што Брашнаров својата револуционерна дејност ја започнува како национален револуционер во редовите на ВМРО, со текот на времето се оддава на класната борба. Со неговата преориентација кон економското и политичкото организирање на македонските работници тој всушност "класното го спои со националното во дијалектичко единство на единствен револуционерен процес".

За улогата и местото на Панко Брашнаров во формирањето и активноста на ВМРО (Обединета) во вардарскиот дел на Македонија се осврнува д-р Даринка Петреска во прилогот: "Учеството и дејноста на Панко Брашнаров во ВМРО (Обединета)" (71-78), опфаќајќи ја неговата активност од моментот кога ја дознал веста за постигнатата спогодба за обединување на македонските револуционерни сили (летото 1924 година) па сè до апсењето во 1929 година.

Д-р Ѓорги Малковски во прилогот "Панко Брашнаров и неговиот придонес во народноослободителната војна" (79-90) нè запознава со неговата активност за време на Народноослободителната војна. Авторот нè информира за неуспешниот обид на водачите на Бугарскиот централен акционен комитет да го придобијат Брашнаров. Од летото 1941 година тој ја обновил соработката со членови на Комунистичката партија во градот, а од средината на 1943 година бил избран за член на Месното партиско повереништво и на првиот Народноослободителен одбор за Велес.

Неговата активност во Иницијативниот одбор за свикување на АСНОМ е разгледана од Ристо Бунтески во прилогот "Активноста на Панко Брашнаров во подготовките за свикување на АСНОМ" (91-100). Д-р Новица Вељановски се задржува на неговата работа во Президиумот на АСНОМ во прилогот: "Панко Брашнаров во работата на АСНОМ", 101-106. Според Вељановски, кој неговото државотворно дејствување го дели на три фази, периодот од одржувањето на Првото заседание на АСНОМ и функционирањето на новиот Президиум е еден од најзначајните периоди на револуционерната дејност на Брашнаров.

Д-р Галена Куцуловска во прилогот: "Панко Брашнаров жива традиција од Илинден до НОВ" (107-112) и Никифор Смилевски во прилогот: "Борец за слобода - жртва на слободата" (113-124) се осврнуваат на неговата непрекината револуционерна активност од 1903 до 1944 година.

Сеќавањата на неговите современици Борис Гонев, Сотир Пирузе, Филимон Цеков и професорот Јордан Мецановски се поместени во вто-

риот дел од Зборникот. На крајот од д-р Вера Весковиќ-Вангели е изнесен "Животопис на Панко Брашнаров во дати" (137-156).

Зборникот "Панко Брашнаров - живот и дело (1883-1951)" претставува драгоцен придонес во научното продлабочување на сознанијата за животот и делото на Панко Брашнаров. Од тие причини веруваме дека ќе го привлече вниманието на широк круг читатели.

Вера ГОШЕВА

## SIMPOZIUMI-70 VJET TË KISHËS ORTODOKSE AUTOQEFALE SHQIPTARE
Tiranë, 19 shtator 1992, Tiranë, 1993, 105.

## (СИМПОЗИУМ-70 ГОДИНИ АЛБАНСКА АВТОКЕФАЛНА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
Тирана, 19 септември 1992, Тирана, 1993, 105.)

Во организација на албанската Академија на науките и уметностите и Институтот за историја на Албанија, по повод 70-годишнината од основањето на Албанската автокефална православна црква (ААПЦ) во Тирана на 19 септември 1992 година е организиран симпозиум посветен на овој јубилеј. На овој научен собир, чија работа ја поздрави и претседателот на Република Албанија, господинот Сали Бериша, учествуваа еминентни албански историчари и познавачи на оваа проблематика. Во неговата поздравна реч претседателот на Албанија ги истакна заслугите на денешната демократска Албанија, која овозможи слобода на верското убедување кое порано било потиснувано и забранувано од комунистичката диктатура. Потенцирајќи ги заслугите на многу борци за автокефалност на ААПЦ, на крајот тој истакна дека новата демократска албанска држава треба да обезбеди непречен развој на сите религии во Албанија, а со тоа и на ААПЦ.

Кристаќ Прифти во својот прилог се задржува на актот на основањето на ААПЦ на конгресот одржан во Берат од 10-19 септември 1922 година и на борбата за нејзино признавање од страна на Цариградската патријаршија. Иако Патријаршијата ја признала ААПЦ во 1937 година, таа и натаму се мешала во нејзината дејност. За основачкиот конгрес на ААПЦ во Берат среќаваме податоци во прилогот на Калиопи Наска. Стефанаќ Поло се задржува на проблемот за АПЦ во времето на преродбата, борбата за духовна еманципација на православните Албанци,